ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 12 ДАТА 12.06.2020 ГОДИНА 38

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ ДАТА

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 27.05.2020 година**
**за ОФС Тетово**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерите: Савески Антонио од Фудбалксиот клуб „Младост„ од с. Туденце со Ид. бр. 104283 и Ибраими Ценис од Фудблскиот клуб „Тетекс АД„ од Тетово со Ид.бр. 110133, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбаласки сојуз.

**Седница од 09.06.2020 година**
**за ОФС Тетово**

- **Раскин на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ Тетово и фудбалерот Чешмеџиев В. Константин го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал број 1453/2019 година, Спогодбено.

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Далку Ардин го рскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавње со фудбал број 1595/2020, Спогодбено.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница оджана на 31.03.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МРАЛИНО 1973„ с. Мралино: Стојчевски Б. Драган, по член 35/1.
Незиров С. Елвир од ФК „Кадино„ од с. Кадино, по член 36/1.
ФК „РАШТАК„ с. Раштак: Атанасков З. Ѓорѓија од ФК „Смиљковци 2011„ од с. село Смиљковци, по член 36/1.
ФК „ФОРТУНА 2009„ н. Ченто, Скопје: Сулејмани А. Хавзи, по член 35/1.
ФК „СКУПИ ПРОМОФООТ„ Скопје: Зеќири Б. Иљми, по член 35/1.
ФК „ФОРЦА ВАРДАР„ Скопје: Велкоски Г. Максим, Чаловски Д. Олег, Стаменов С. Милан, Перески Г. Христијан, по член 35/1.

Исправка: Во „Макфудбал„ вонреден бр. 9 од 13.03.2020 година направена е техничка грешка при куцањето на „Макфудбалот„. Напишано е дека договорот за вработување на фудбалерот за професионално занимавање со фудбал Трајковиќ Бранислав со ФК „Рабонтички АД„ Скопје во времетаење од 1 година трае до 14.06.2021 година, а треба да стои до 14.01.2021 година.

**Седница од 12.06.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАШТАК„ с. Раштак: Ивановски Влатко, Смилевски А. Александар, по член 35/1.
Спасовски М. Бојан од ФК „Смиљковци 2011„ с. Смиљковци, по чл. 35/2
Бошески Г. Никола од ФК „Љубанци 1974„ од с. Љубанци, по член 35/4.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Седница од 12.06.2020 година**

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира фудбалски клуб „Олимпик Старс„ од Кичево, врз основа на Решението од Централниот регистер на Република Северна Македонија ЕМБС број 7415036 од 25.01.2020 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седниа од 16.03.2020 година**

- **Формирање на екипа во мал фудбал:**

Согласно Одлуката на Управниот одбор на Фудбалскиот клуб „Кораби„ од Дебар од 10. Март 2020 година се формира екипа во мал фудбал под име КМФ „Кораби„ од Дебар кој ќе се натправарува во Футсал лигата организирана од ФФМ.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 25.03.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВЛАЗНИМИ ЈУНИОР„ с. Пресил: Фејзулоски Ф. Али, по член 35/1.

ФК „ЧЕПИГОВО„ с. Чепигово: Нешкоски Т. Гоце од ФК „Пелагонија„ с. Пашиноруфци, по член 35/4.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1244/3
29.05.2020 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 29.05.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа:

- На седницата одржана на ден **13.03.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-583/2
  - Одлука со деловоден број 0202-583/3
- На седницата одржана на ден **19.03.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-592/2
- На седницата одржана на ден **20.03.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-594/2
  - Одлука со деловоден број 0202-594/3
- На седницата одржана на ден **09.04.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-655/2
- На седницата одржана на ден **14.04.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-732/2
- На седницата одржана на ден **06.05.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-1176/2
- На седницата одржана на ден **08.05.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-1186/2
  - Одлука со деловоден број 0202-1186/3
- На седницата одржана на ден **11.05.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-1191/2
  - Одлука со деловоден број 0202-1191/3
- На седницата одржана на ден **14.05.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-1206/2
  - Одлука со деловоден број 0202-1206/3
  - Одлука со деловоден број 0202-1206/4
  - Одлука со деловоден број 0202-1206/5
  - Одлука со деловоден број 0202-1206/6
  - Одлука со деловоден број 0202-1206/7
  - Одлука со деловоден број 0202-1206/8
  - Одлука со деловоден број 0202-1206/9

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката ќе се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

Деловоден број 0202-1244/3

Управен одбор

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 29.05.2020 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1244/3

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1244/4
29.05.2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 29.05.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се утврдуваат 21 Јуни или 27 Јуни како можни дати за одржување одложеното Редовно годишно Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија во 2020 година.

2. Се задолжува Генералниот секретар имајки ја во предвид воспоставената вонредна состојба во Република Северна Македонија и мерките за спречување на Ковид 19 донесени од Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди информација за можностите, условите и предлози за простор за одржување на Редовно Генерално Собрание на ФФМ, на една од датите утврдени во точка 1 на оваа Одлука и истите да ги достави до Управниот одбор, односно до Одборот за итност.

3. Се задолжува Генералниот секретар да ги извести ФИФА и УЕФА за оваа одлука.

4. Одлуката стапува на сила веднаш.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 29.05.2020 година, имајки ја во предвид донесената одлука за одложување на Редовното генерално собрание на ФФМ за 2020 година поради воспоставената вонредна состојба во Република Северна Македонија и мерките за спречување на Ковид 19 донесени од Владата на Република Северна Македонија, го прифати предлогот да се одредат можни датуми за одржување на Редовното Генерално Собрание на ФФМ за 2020 година, притоа имајки ја во предвид обврската за одржување на истото до крајот на месец Јуни како и времето потребно за подготвки во насока на обезбедува на соодветен простор, почитување на мерките за заштита од КОВИД 19,како и навремено известување на делегатите на собранието донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1244/4

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1244/5
29.05.2020 год.

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 176 од Статутот на ФФМ на седницата одржана на 29.05.2020 година го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
за примена на привремени измени на правило 3 од Правила на фудбалска игра

1. Се утврдува дека во сениорските натпреварувањата кои продолжуваат со одигрување на натпревари од сезоната 2019/20 до крајот на 2020 година согласно привремените измени на правилото 3 од Правилата на фудбалската игра, независно од уреденоста во Пропозициите, овозможено е користење на 5 (пет) измени наместо досегашните 3(три) измени.

2. Петте измени можат да се направат во најмногу три наврати не земајќи го во предвид полувремето.

3. Заклучокот да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ го разгледа известувањето од ФИФА поврзано со привремени измени на правило 3 од Правила на фудбалска игра по што донесе заклучок како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1244/5

Управен одбор

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1244/6
29.05.2020 год

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 109 а во врска со член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за натпреварување на седницата одржана на 29.05.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за продолжување на КУП и првенството во категоријата фудбал сениори во Прва МФЛ за сезона 2019/20

1. Се усвојува предлогот бр. 0302-1224/1 од 26.05.2020 година, поднесен од Комисијата за натпреварување на ФФМ за продолжување на КУП натпреварувањето сениори и првенството во категоријата фудбал сениори во Прва МФЛ за сезона 2019/20.

2. Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ сезона 2019/20 се дополнуваат со член 3а кој гласи:

Член 3а

По одигрување на третиот круг, односно 27 коло, форматот на натпреварувањето се менува на следниот начин:

- Се менува форматот на четвртиот круг на начин што натпреварувањето продолжува да се одигрува во две групи: Play off и Play out.
- Согласно табелата за постигнат пласман по 27 коло, екипите рангирани од 1. до /и 6. место продолжуваат да се натпреваруваат во Play off групата во еден круг, вкупно 5 кола.
- Екипите пласирани од 7. до/и 10. место продолжуваат да се натпреваруваат во Play out групата во еден круг, вкупно 3 кола.

3. Членовите 50 и 51 од Пропозициите за Прва МФЛ кои го уредуваат испаѓањето и влегувањето на екипите во Прва МФЛ за сезона 20/21 поради неприменливост се укинуваат.

4. Член 53 кој го уредува правото на учество во Лига на шампиони и Лига на Европа се менува и гласи:

Првопласираниот на конечната Play off табела Прва МФЛ сезона 19/20 се стекнува со право да учествува во Лигата на шампиони на УЕФА.

Второ и трето пласираната екипа на конечната Play off табела Прва МФЛ се стекнуваат со право да учествуваат во Лига Европа во организација на УЕФА.

Во случај на неисполнување на критериумите за лиценцирање на екипите од став 1 и 2 на овој член , со правото за учество во натпреварувањата на УЕФА се стекнува наредно пласираната екипа која ги исполнува критериумите за лиценцирање.

5. Последните две рангирани екипи на конечната Play out табела Прва МФЛ сезона 19/20 остануваат да се натпреваруваат во Прва МФЛ во сезоната 2020/21.

дел.бр. 0202-1244/6

Управен одбор

6. Најдоборангираните екипи на замрзнатите табели во двете Втори МФЛ сезона 19/20 се стекнуваат со правото во сезона 2020/21 да се натпреваруваат во Прва МФЛ. Бројот на екипи во Првата МФЛ за сезона 2020/21 се зголемува на 12 екипи.

7. Продлжува КУП натпреварувањето за сезона 2019/2020 -сениори.

8. Се укинуваат одредбите од член 20 став 3 и 4 на Пропозициите за КУП натпреварување сениори сезона 2019/20 кои се однесуваат на одигрувањето на полуфиналните натпревари.

9.Полуфиналните натпревари се играат по еднострук куп систем.

10. Одлуката стапува на сила веднаш.

11. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На седницата одржана на 29.05.2020 година, Управниот одбор на ФФМ го разгледа предлогот на Комисијата за натпревари од 26.05.2020 година за продолжување на КУП натпреварувањето - сениори и првенството во категоријата фудбал сениори во Прва МФЛ за сезона 2019/20

По разгледување на сите можности за начинот на продолжување на натпреварите од Прва МФЛ чие одигрување беше одложено со одлука на Одборот за итност на 12.03.2020 година, Комисијата му предложи на Управниот одбор Прва МФЛ да продолжи со натпреварувањето во променет формат. Зам.претседавачот на Комисијата го образложи предлогот на самата седница. Истакна дека Комисијата го имала во предвид и мислењето на клубовите од Прва МФЛ. Повеќето од нив (6) откако им бил презентиран Протоколот со мерки за заштита од Ковид 19 и роковите до кога би требало да се заврши првенството, се изјасниле за продолжување на натпреварувањето во изменет формат.

Управниот одбор ги разгледа предлозите на Комисијата. При носење на одлуката Управниот одбор ја ценеше моменталната здравствена ситуација во државата, прекинот во другите натпреварувања и мислењето на клубовите по што донесе одлука како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1244/6

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1244/7
29.05.2020 год.

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за женски фудбал на седницата одржана на 29.05.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата женски фудбал за сезона 2019/20.

1. Се усвојува предлогот бр. 17-1236/2 од 27.05.2020 година, поднесен од Комисијата за женски фудбал за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата женски фудбал за сезона 2019/20.

2. Се прекинува првенството во сите првенствени и куп натпревари во категоријата женски фудбал за сезона 2019/20 и се замрзнуваат табелите заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година.

3. Се утврдува дека најдобро рангирана екипа во Првата женска лига за сезона 2019/20 заклучно со одиграното 14 коло е екипата на ЖФК Каменица Саса.

4. Се утврдува дека најдобро рангирана екипа во Младинска А женска лига за сезона 2019/20 заклучно со одиграното 7 коло е екипата на ЖФК Тиверија Струмица.

5. Се утврдува дека најдобро рангирана екипа во Младинска Б женска лига за сезона 2019/20 заклучно со одиграното 9 коло е екипата на ЖФК Деспина Прилеп

6. Се утврдува дека најдобро рангирана екипа во кадетска А женска лига за сезона 2019/20 заклучно со одиграното 7 коло е екипата на ЖФК Атлетико Битола

7. Одлуката стапува на сила веднаш.

8.. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ го разгледа предлогот бр. 17-1236/2 од 27.05.2020 година, поднесен од Комисијата за женски фудбал .

Комисијата по разгледување на сите можности за продолжување на натпреварите чие одигрување е одложено со одлука на Одборот за итност на 12.03.2020 година а имајќи ја во предвид здравствената ситуација во државата поврзана со епидемијата на

Управен одбор

Ковид 19 му предложи на Управниот одбор на ФФМ да ги прекине сите првенствени и куп натпревари во категоријата женски фудбал за сезона 2019/20.

Управниот одбор ги ценеше согледувањата на Комисијата во однос на пандемијата со Ковид19 во државата и имајќи ја во предвид заштитата и здравјето на сите учесници на натпреварите донесе одлука како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1244/7

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1244/8
29.05.2020 год.

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за футсал на седницата одржана на 29.05.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата футсал за сезона 2019/20.

1. Се усвојува предлогот бр. 17-1233/2 од 27.05.2020 година, поднесен од Комисијата за футсал за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата футсал за сезона 2019/20.

2. Се прекинува првенството во сите првенствени и куп натпревари во категоријата футсал за сезона 2019/20 и се замрзнуваат табелите заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година.

3. Се утврдува дека најдобро рангирана екипа во Првата футсал лига за сезона 2019/20 заклучно со одиграното 16 коло е футсал екипата на ФК Шкупи 1927 АД.

4. Се утврдува дека најдобро рангирана екипа во Втората футсал лига за сезона 2019/20 заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година е екипата на КМФ Арбен Бајрами-Скопје.

5. Членовите 58 и 59 од Пропозициите за Прва футсал лига кои го уредуваат испаѓањето и влегувањето на екипите во Првата футсал лига за сезона 20/21 поради неприменливост се укинуваат.

6. Членот 58 од Пропозициите за Втора футсал лига кој го уредува пласманот во Првата футсал лига за сезона 20/21 поради неприменливост се укинува.

7. Последните две рангирани екипи на табелата по одиграното 16 коло од сезона 19/20 во Прва футсал лига остануваат да се натпреваруваат во Првата футсал лига во сезоната 2020/21. Бројот на екипи во Првата футсал лига за сезона 2020/21 се зголемува на 12 екипи.

8. Двете најдобро рангирани екипи во Втората футсал лига за сезона 2019/20 заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година ја пополнуваат Првата футсал лига во сезоната 2020/21.

9. Одлуката стапува на сила веднаш.

10. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

дел.бр. 0202-1244/8

Управен одбор

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ го разгледа предлогот бр. 17-1233/2 од 27.05.2020 година, поднесен од Комисијата за футсал .

Комисијата по разгледување на сите можности за продолжување на натпреварите чие одигрување е одложено со одлука на Одборот за итност на 12.03.2020 година, му предложи на Управниот одбор прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата футсал за сезона 2019/20 и проширување на Првата футсал лига за сезона 2020/21 на 12 екипи.

Управниот одбор го разгледа предлогот и имајќи ја во предвид здравствената ситуација во државата поврзана со епидемијата на Ковид 19 и заштитата на здравјето на сите учесници на натпреварите донесе одлука како во диспозтивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1244/8

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 02 02-1244/9
29.05.2020 год.

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за базичен фудбал на седницата одржана на 29.05.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за прекин на сите натпревари во категоријата базичен фудбал за сезона 2019/20

1. Се усвојува предлогот бр. 15-1237/1 од 27.05.2020 година, поднесен од Комисијата за базичен фудбал за прекин на сите натпревари во категоријата детски фудбал за сезона 2019/20.

2. Се прекинува натпреварувањето во сите категории од детски фудбал за сезона 2019/20.

3. Во категоријата каде што се изготвува табела се замрзнуваат табелите заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година.

4. Најдобро рангираните екипи ги утврдува Комисијата за базичен фудбал.

5. Одлуката стапува на сила веднаш.

6. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ го разгледа предлогот бр. 15-1237/1 од 27.05.2020 година, поднесен од Комисијата за базичен фудбал за прекин на сите натпревари во категоријата детски фудбал за сезона 2019/20.

Управниот одбор имајќи ја во предвид пред се возраста на учесниците во натпреварувањето, здравствената ситуација во државата поврзана со епидемијата на Ковид 19 и заштитата на здравјето на децата на натпреварите донесе одлука како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1244/9

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 0202-1244/10 29.05.2020 год.

Управен одбор

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за натпреварување на седницата одржана на 29.05.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за прекин на КУП и првенството во млади категории во Прва Супер лига, Втора лига и Трети лиги во млади категории за сезона 2019/20.

1. Се усвојува предлогот бр. 16-1231/1 од 27.05.2020 година, поднесен од Младинска комисијата на ФФМ за прекин на првенството во млади категории во сите степени на натпреварување за сезона 2019/20.

2. Се прекинува првенството во Прва супер лига за млади категории за сезона 2019/20 и се замрзнува табелата заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година, најдобро рангирани екипи по категории се:

2.1 категорија младинци:
најдобро рангирана екипа заклучно со одиграното 16 коло е екипата на ФК Шкендија АД Тетово;
2.2 категорија кадети:
најдобро рангирана екипа заклучно со одиграното 16 коло е екипата на ФК Вардар АД Скопје;
2.3 категорија пионери:
најдобро рангирана екипа заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година е екипата на ФК Академија Пандев АД Струмица;
2.4 категорија помлади пионери:
најдобро рангирана екипа заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година,е екипата на ФК Вардар АД Скопје;

3. Најдобро рангирана екипа на табелата за сите категории во Прва супер лига е екипата на ФК Вардар АД Скопје;

4. Се прекинува првенството во Втора лига во млади категории за сезона 2019/20 и се замрзнува табелата заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година, најдобро рангирани екипи по категории се:

4.1 категорија младинци:
најдобро рангирана екипа заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година, е екипата на ФК Ренова АД Тетово ;
4.2 категорија кадети:
најдобро рангирана екипа заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година,е екипата на ФК Брегалница 2008 АД Штип;

4.3 категорија <u>пионери</u>:
најдобро рангирана екипа заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година,е екипата на ФК Брегалница 2008 АД Штип;
4.4 категорија <u>помлади пионери</u>:
најдобро рангирана екипа заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година, е екипата на ФК Струга-Трим-лум АД Струга;

5. Најдобро рангирана екипа на табелата за сите категории во Втора лига во млади категории е екипата на ФК Брегалница 2008 АД Штип пред екипата на ФК Ренова АД Тетово;

6. Се прекинува првенството во <u>Третите лиги во млади категории</u> за сезона 2019/20 и се замрзнува табелата заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година, најдобро рангирани екипи по категории се:
6.1 категорија младинци:
најдобро рангирана екипа заклучно со одиграното 13 коло е екипата на ГФК Охрид Лихнидос од Охрид ;
6.2 категорија кадети:
најдобро рангирана екипа заклучно со одиграното 13 коло е екипата на ЗФК Новаци 2005 од Новаци;
6.3 категорија пионери:
најдобро рангирана екипа заклучно со одиграното 16 коло е екипата на ФК Кул Здравје од Скопје;
6.4 категорија помлади пионери:
најдобро рангирана екипа заклучно со одиграното 16 коло е екипата на ФК Кул Здравје од Скопје;

7. Одредбите од член 54 и член 55 од Пропозициите од Пропозициите за млади категории во делот со кој го уредуваат директното испаѓање од лига или директно учество во повисок степен заради пласман на конечна табела, поради неприменливост се укинуваат.

8. Последните две рангирани екипи во Прва супер лига на табелата од. т.3 на оваа одлука (за сите категории заедно), остануваат да се натпреваруваат во Прва супер лига и во сезоната 2020/21;

9. Бројот на екипи во Прва супер лига за сезона 2020/21 се зголемува на 12, ФК Брегалница 2008 АД Штип и екипата на ФК Ренова АД Тетово како најдобро рангирани екипи на табелата од т.5 во Втората лига за сите категории за сезона 2019/20 ја пополнуваат Прва Супер лига во сезоната 2020/21.

10. Последните две рангирани екипи во Втората лига, на табелата од т.5 на оваа одлука (за сите категории заедно) остануваат да се натпреваруваат во

Втората лига во млади категории и во сезоната 2020/21; Бројот на екипи во сезоната 2020/21 може да изнесува изнесува најмногу 12.

11. Одлуката стапува на сила веднаш.

12. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Управниот одбор на ФФМ го разгледа предлогот од записникот бр. 16-1231/1 од 27.05.2020 година, поднесен од Младинската комисија на ФФМ за прекин на првенството во млади категории за сезона 2019/20. Управниот одбор констатира дека Комисијата по разгледување на сите можности за продолжување на натпреварувањето, во услови на пандемија со Ковид 19 предлага, Управниот одбор на ФФМ да ги прекине сите првенствени и куп натпревари во млади категории за сезона 2019/20. Исто така предлага замрзнување на табелата заклучно со последното одиграно коло пред 12.03.2020 година. Комисијата исто така му предложи на Управниот одбор поради замрзнување на табелата, да нема испаѓање, на најдобро рангираните од Втора лига да им се овозможи влез во Прва Супер лига, и да се определат прворангираните во секоја категорија за секоја лига.

Управниот одбор ги ценеше согледувањата на Комисијата во однос на пандемијата со Ковид19 во државата и имајќи во предвид дека се работи за млади категории, заштитата и здравјето на сите учесници на натпреварите, како и начелото на право и праведност донесе одлука како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1244/10

Управен одбор

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1244/13
29.05.2020 год

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за натпреварување на седницата одржана на 29.05.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за прекин на првенството во категоријата фудбал сениори во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад за сезона 2019/20.

1. Се усвојува предлогот бр. 17-1248/1 од 29.05.2020 година, поднесен од Комисијата за натпреварување на ФФМ за прекин на првенството во категоријата фудбал сениори во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад за сезона 2019/20.

2. Се прекинува првенството во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад за сезона 2019/20 и се замрзнува табелата заклучно со одиграното 16. коло.

3. Членот 49,50, 51,52, 53 и 54 с.1 од Пропозициите за Втора МФЛ кои го уредуваат испаѓањето од лига,пласманот во Првата МФЛ и бараж натпревари за пополнување на Прва МФЛ за сезона 20/21 поради непримениливост се укинуваат.

4. Согласно табелата по одиграното 16.коло, се утврдува дека најдобро рангирана екипа во Втора МФЛ Исток, за сезона 2019/20, заклучно со одиграното 16 коло е екипата на ФК Беласица АД Струмица.

5. Согласно табелата по одиграното 16.коло, се утврдува дека најдобро рангирана екипа во Втора МФЛ Запад, за сезона 2019/20, заклучно со одиграното 16 коло е екипата на ФК Пелистер АД Битола.

6. ФК Беласица АД Струмица како најдобро рангираната екипа по одигрување на 16 коло од Втора МФЛ Исток за сезона 2019/20 и ФК Пелистер АД Битола како најдобро рангираната екипа по одигрување на 16 коло од Втора МФЛ Запад за сезона 2019/20 ја пополнуваат Прва МФЛ во сезоната 2020/21.

7. Последните четири рангирани екипи на табелата по одиграното 16 коло од сезона 19/20 во двете Втори МФЛ остануваат да се натпреваруваат во соодветната Втора МФЛ и во сезоната 2020/21; Бројот на екипи во Вторите МФЛ за сезона 2020/21 останува непроменет како во сезона 2019/20 и изнесува најмногу 10.

8. Десеттото место во Вторите МФЛ ќе се пополнува преку бараж натпревари одиграни помеѓу најдобро рангираните екипи во Третите лиги кои ја пополнуваат соодветната Втора МФЛ. Рангирањето е согласно табелата по последното коло одиграно пред Одлуката на Одборот за итност на ФФМ бр. 0202-583/2 од 13.03.2020 година.

дел.бр. 0202-1244/13

Управен одбор

9. Заради зачувување на интегритетот на натпреварувањето, на бараж натпреварите за пополнување на Вторите МФЛ право на настап можат да имаат само фудбалерите кои имале право на настап во тековната 2019/20 сезона.

10. Доколку до 15.07.2020 година не се создадат услови за организирање и одигрување на бараж натпреварите од т.8 од оваа одлука , десеттото место во Вторите МФЛ за екипите кои ги исполнуваат критериумите за лиценцирање ќе се пополнува по пат на ждреб.

11. Одлуката стапува на сила веднаш.

12. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ го разгледа бр. 17-1248/1 од 29.05.2020 година, поднесен од Комисијата за натпреварување на ФФМ за прекин на првенството во категоријата фудбал сениори во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад за сезона 2019/20. Управниот одбор констатира дека Комисијата по разгледување на сите можности за продолжување на натпреварите чие одигрување е одложено со одлука на Одборот за итност на 12.03.2020 година а имајќи ја во предвид здравствената ситуација во државата поврзана со епидемијата на Ковид 19, предлага Управниот одбор на ФФМ да ги прекине сите првенствени и куп натпревари во Вторите МФЛ за сезона 2019/20. Исто така предлага замрзнување на табелата заклучно со последното одиграно коло. Комисијата исто така му предложи на Управниот одбор поради замрзнување на табелата, да нема испаѓање, на најдобро рангираните да им се овозможи влез во Прва МФЛ а за едно слободно место да се организираат бараж натпревари.

Управниот одбор ги ценеше согледувањата на Комисијата во однос на пандемијата со Ковид19 во државата и имајќи ја во предвид заштитата и здравјето на сите учесници на натпреварите, аматерскиот статус на најголем дел од клубовите како и начелото на право и праведност донесе одлука како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1244/13

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0202-1273/3
04.06.2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 04.06.2020 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа:

- На седницата одржана на ден **01.06.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-1256/2
  - Одлука со деловоден број 0202-1256/3
- На седницата одржана на ден **03.06.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-1268/2
  - Одлука со деловоден број 0202-1268/3
  - Одлука со деловоден број 0202-1268/4
  - Одлука со деловоден број 0202-1268/5
  - Одлука со деловоден број 0202-1268/6

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката ќе се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 04.06.2020 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1273/3

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1273/4
04.06.2020 год.

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за натпреварување на седницата одржана на 04.06.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата фудбал сениори за сезона 2019/20.

1. Се усвојува предлогот на Комисијата за натпреварување на ФФМ од 04.06.2020 година, за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата фудбал сениори за сезона 2019/20.

2. Се укинува Одлуката на Управниот одбор бр.0202-1244/6 од 29.05.2020 година за продолжување на КУП и првенството во категоријата фудбал сениори во Прва МФЛ за сезона 2019/20.

3. Се прекинува првенството во Прва МФЛ за сезона 2019/20 и табелата се замрзнува заклучно со одиграното 23. коло.

4. Членовите 50 и 51 од Пропозициите за Прва МФЛ кои го уредуваат испаѓањето и влегувањето на екипите во Прва МФЛ за сезона 20/21 поради неприменливост се укинуваат.

5. Се утврдува дека најдобро рангирана екипа во Прва МФЛ за сезона 2019/20 заклучно со одиграното 23 коло е екипата на ФК Вардар АД Скопје.

6. Последните две рангирани екипи на табелата по одиграното 23 коло од сезона 19/20 во Прва МФЛ остануваат да се натпреваруваат во Прва МФЛ во сезоната 2020/21.

7. Бројот на екипи во Првата МФЛ за сезона 2020/21 се зголемува за двете најдобро рангирани екипи по одигрување на 16 коло од двете Втори МФЛ и за сезона 2020/21 изнесува 12 екипи.

8. Член 53 од Пропозициите за Прва МФЛ кој го уредува правото на учество во Лига на шампиони и Лига на Европа се менува и гласи:

„Најдобро рангирана екипа во Прва МФЛ заклучно со одиграното 23 коло - сезона 2019/20, се стекнува со право да учествува во Лигата на шампиони на УЕФА.

Второ и трето рангианата екипа во Прва МФЛ заклучно со одиграното 23 коло - сезона 2019/20, се стекнуваат со право да учествуваат во Лига Европа во организација на УЕФА.

дел.бр. 0202-1273/4

Управен одбор

Во случај на неисполнување на критериумите за лиценцирање на екипите од став 1 и 2 на овој член , со правото за учество во натпреварувањата на УЕФА се стекнува наредноплсираната екипа која ги исполнува критериумите за лиценцирање."

9. Одредбите од член 26 од Пропозициите за КУП сениори сезона 2019/20 поради прекин на натпреварувањето се укинуваат.

10. Правото на КУП победникот за натпреварување во УЕФА Лига Европа се пренесува на последователно најдобро рангираната екипа во првенството согласно замрзнатата табела по одиграното 23.коло.

11. Одлуката стапува на сила веднаш.

12. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ го разгледа предлогот на Комисијата за натпревари од 04.06.2020 година.

Комисијата за натпревари наведува дека поради новонастанатата состојба со епидемијата со Ковид 19 , позитивните наоди на фудбалери од два прволигашки клуба и прекин во тренажниот процес поради воведена забрана на движење, доведено е во прашање првенството за чие продолжување е донесена одлука на 29.05.2020 година. Комисијата смета деке нема услови за продолжување на натпреварувањето и предлага целосен прекин на сите натпреварувања во категоријата фудбал – сениори вклучително и КУП натпреварувањето во сениорска конкуренција

Управниот одбор ги разгледа предлозите на Комисијата. При одлучување ја зема во предвид и својата одлука донесена на 29.05.2020 година за продолжување на КУП и натпреварувањето во Прва МФЛ. УО ја ценеше сериозноста на моменталната здравствена ситуација во државата, прекинување на започнатиот тренажен процес поради воведување на забрана на движење за наредните три дена како и појава на вирусот Ковид 19 во две екипи во Прва МФЛ.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Управниот одбор ја преоцени можноста на екипите да влезат и продолжат со тренажниот процес како што е опишан во Протоколот за заштита од Ковид 19. Во согласност со правилата и препораките на УЕФА , имајќи ја во предвид заштитата на здравјето на сите учесници на натпреварите и праведен и фер пристап кон сите екипи Управниот одбор донесе одлука како во диспозтивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1273/4

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1273/5
04.06.2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 04.06.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се укинува Одлуката на Управниот одбор на ФФМ бр. 0202-1244/12 од 29.05.2020 година, со која се утврди промена на почеток на летниот преоден рок.
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.
3. Одлуката ќе се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 04.06.2020 година, по донесување на одлуката за за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата фудбал сениори за сезона 2019/20, донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1273/5

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-502/3
21.05 2020 год.

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Сашка Зердеска-член,Дејан Бошков-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-502/1 од 10.03.2020 година против Ф.К.Струга Трим Љум поради слаба организација присуство на публика на трибините на натпреварот одигран во рамки на 22 коло Прва МФЛ одигран на ден 08.03.2020 година помеѓу Ф.К.Струга Трим Љум АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД на Градски Стадион во Струга на седницата одржана, на 21.05.2020 година ја донесе следната:*

## ***О Д Л У К А***

1. *На **Ф.К. Струга Трим Љум АД СЕ КАЗНУВА** и се изрекува дисциплинска мерка - ОПОМЕНА.*

2. *Одлуката стапува на сила од денот на донесување.*

3. *Одлуката да се објави во Макфудбал.*

## ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-502/1 од 10.03.2020 година против Ф.К.Струга Трим Љум поради слаба организација присуство на публика на трибините на натпреварот одигран во рамки на 22 коло Прва МФЛ одигран на ден 08.03.2020 година помеѓу Ф.К.Струга Трим Љум АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД на Градски Стадион во Струга,постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај,изјава од клубот,изјава од челн на комисја за безбедност на ФФМ.*

*Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:*

*За конкретниот натпревар помеѓу Ф.К.Струга Трим Љум АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД одигран во рамки на 22 коло Прва МФЛ на ден 08.03.2020 година во 14.00 часот на Градски стадион во Струга домашната екипа Ф.К.Струга Трим Лум АД пред почетокот на натпреварот и покрај одлуката на ФФМ натпреварите во Прва МФЛ да се одиграат без гледачи на трибината имало поголем број на гледачи по реакција на делгатот на натпреварот комесарот за безбедност на домапната екипа со помош на полицијата ги отсранила гледачите од трибината пота натпреварот започнал се одвивал и заврил во нормален тек без никакви проблеми.*
*.Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските*

*прекршоци .Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ ,ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретнито случај,одлучи како во диспозитивот.*

***ПРАВНА ПОУКА:** **Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***Фудбалска Федерација на Македонија***
***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова с.р***

***ДН:***

***Ф.К Струга Трим Лум АД***
***АРХИВА НА ФФМ***
***Макфудбал***

Деловоден бр. 0801-502/3

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач,Мартин Саздов –Зам.Претседавач, ,Сашка Зердеска-член,Дејан Бошков –член, Кармен Цилакова-Член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1220/1 против Зија Мерџани со ИД 100866 фудбалер на Ф.К.Шкендија АД исклучен од натпреварот Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Работнички АД одигран на ден 11.03.2020 година во рамки на 23 коло Прва МФЛ на Градски стадион во Тетово поради директен -црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 21.05.2020 година ја донесе следната:*

## ***О Д Л У К А***

1. *На **Зија Мерџани со ИД 100866 фудбалер на Ф.К.Шкендија АД** исклучен од натпреварот Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Работнички АД одигран на ден 11.03.2020 година во рамки на 23 коло Прва МФЛ на Градски стадион во Тетово поради директен -црвен картон,,, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 2(два) првенствен/куп натпревар.***

2. *Дисциплинската мерка тече 12.03.2020 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр.15-1220/1 против Зија Мерџани со ИД 100866 фудбалер на Ф.К.Шкендија АД исклучен од натпреварот Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Работнички АД одигран на ден 11.03.2020 година во рамки на 23 коло Прва МФЛ на Градски стадион во Тетово поради директен -црвен картон, поради добиен директен - црвен картон , ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:*
*На ден 11.03.2020 година е одигран натпреварот во рамки на во рамки на 23 коло Прва МФЛ помеѓу екипите Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Работнички АД на Градски Стадион во Тетово .Во 90+4минута од натпреварот на играчот со број 22 **Зија Мерџани со ИД 100866 фудбалер на Ф.К.Шкендија АД** му е доделен директен црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот Васко Мавров поради неспортски однос кон противнички играч . Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 40 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова с.р***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН:***
***Ф.К.Шкендија АД***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

Деловоден број 0801- 1220/2

**МАКФУДБАЛ**

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата


**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**